**Политичка партија**
**НОВА РЕПУБЛИКА**
**Бр. 0202 – 06**
**2 јануари 2026 год.**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 15 од Статутот на Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА (натаму: Статутот), а согласно членот 60 алинеја и) и членот 88 алинеја ѓ) од Статутот, Националниот одбор на НОВА РЕПУБЛИКА (натаму: НОВА РЕПУБЛИКА, НоРа) на Третата седница одржана на 2 јануари 2026 година го донесе следниот

# КОДЕКС НА НОВА РЕПУБЛИКА

## Предмет и цел на Кодексот на НОВА РЕПУБЛИКА

### Член 1

**Со Кодексот на НОВА РЕПУБЛИКА** (натаму: Кодексот) **се утврдуваат**:

а) **етичките стандарди на членот на НОВА РЕПУБЛИКА** (натаму: партискиот член) **и регистрираниот поддржувач на НоРа** (натаму: регистрираниот поддржувач);

б) **принципите на однесување и постапување на партискиот член** (особено во одлучувањето во органите на НоРа и извршувањето на партиските задачи, застапувањето на ставовите на НоРа во јавноста и извршувањето јавни функции на кои е избран по предлог на НоРа) **и принципите на однесување и постапување на регистрираниот поддржувач**, и

в) **стандардите и принципите на дејствување на НОВА РЕПУБЛИКА.**

### Член 2

**Врз основа на етичките стандарди и правилата на однесување утврдени со Кодексот, партиските членови, регистрираните поддржувачи и НОВА РЕПУБЛИКА ги остваруваат политичките цели на НоРа, низ демократски политички процес** во Република Северна Македонија (натаму: Северна Македонија, РСМ) и во НоРа, **транспарентност и инклузивност** во градењето и примената на партиските политики на НоРа.

## Етички стандарди на партискиот член и регистрираниот поддржувач на НОВА РЕПУБЛИКА согласно Кодексот и нивна примена

### Член 3

Во приватниот, професионалниот и партискиот живот, во однесувањето во јавноста (вклучително на социјалните мрежи) и при извршувањето државни и јавни функции по предлог на НОВА РЕПУБЛИКА, **партискиот член и регистрираниот поддржувач се води од следните етички стандарди:**

а) **следење на моралните норми и градење на колективните вредности**;

б) **владеење на правото, демократија, човекови и граѓански права, секуларност, солидарност** при социјален или здравствен ризик **и претприемништво**;

в) **толерантност кон различни идеи и мислења** кои не се загрозувачки по слободата и демократијата, **слобода на уверувањето** и **спротивставеност на дискриминација**;

**Класификација: ЈАВНО**
**Предлагач:** Претседател на НоРа
**Верзија:** Конечна

г) **професионалност, профит и награда** остварени по закон**, санкција за прекршок** и криминал и **борба против корупција**;

д) **одговорност кон заедницата** (семејна, локална, етничка, национална) **и посветеност на националниот интерес и просперитет**;

ѓ) **спротивставување на насилство** и **постапки или говор на омраза**;

е) **унапредување на сопствените знаења** и вештини;

ж) **почитување на приватноста**;

з) **одбивање на незаконски, непрописни или неморални постапки и дејства**, и

ѕ) **одбрана на заедничките општествени вредности.**

**<u>Правила на однесување на партискиот член и регистрираниот поддржувач согласно Кодексот и нивна примена</u>**

**Член 4**

**(1)** При спроведувањето на партиските задачи и одлучувањето во органите на НОВА РЕПУБЛИКА на сите нивоа на организирање и во комуникацијата во јавноста (вклучително на социјалните мрежи), **партискиот член задолжително ги применува следните правила на однесување** со што манифестира лојалност кон НОВА РЕПУБЛИКА:

а) **се однесува со почит и внимание** кон партиските членови, функционерите на НоРа и регистрираните поддржувачи;

б) **предлага, утврдува и спроведува активности, партиски задачи и ставови** на НоРа согласно Статутот, **со лична иницијатива и низ личен придонес и тимска соработка**;

в) **го штити угледот на НоРа** со доследна примена на Статутот и Кодексот;

г) **го штити достоинството на партиските членови, регистрираните поддржувачи и органите на НоРа** одбивајќи секаков обид за нивна клевета или омаловажување;

д) **ја чува доверливоста и тајноста на сознанијата** стекнати во партиското работење;

ѓ) **ја почитува хиерархијата** на сите нивоа и облици на организирање на НоРа;

е) **изнесува мислења, предлози и гласа** во органите на НоРа **по сопствено уверување**;

ж) **ги спроведува партиските активности и одлуките на органите на НоРа** на сите нивоа на организирање;

з) **во јавноста ги застапува политиките, одлуките и ставовите на НоРа** независно од личниот став при нивното утврдување;

ѕ) **учествува во обуки за политичко образование**;

и) **одговорно ги користи и располага со средствата** на НОВА РЕПУБЛИКА;

ј) **помага при здравствен или социјален предизвик** на (семејство на) партиски член и регистриран поддржувач **согласно своите можности**, и

к) **применува формалност во писмената комуникација** во НоРа, **усмената комуникација** во НоРа (освен по дозвола од повозрасен партиски член или повисок партиски

функционер) и во **начинот на облекување** во Седиштето, на седниците и при активностите на НоРа (освен доколку со поканата не е назначен поинаков протокол).

**(2) Регистрираниот поддржувач задолжително ги применува Правилата на однесување од ставот (1) алинеи а), б, в) г), ѓ), ж), з), ј) и к) од овој член** од Кодексот, со што манифестира лојалност кон НОВА РЕПУБЛИКА.

**Член 5**

**(1) Партискиот член ги гради и остварува политичките цели на НОВА РЕПУБЛИКА, ги спроведува должностите и ги остварува партиските задачи со посветеност и:**

- **а) со почитување** и доследна примена **на Статутот;**
- **б) со учество во работата на органите на НоРа** и нивните работни тела на сите нивоа на организирање;
- **в) со поединечно** (лично) работење **и колективно** (тимско работење) согласно своите знаења и капацитети, **почитувајќи ги редоследот на задачите, придонесот на членовите на тимот и партиската хиерархија**.

**(2) Регистрираниот поддржувач ги гради и остварува политичките цели на НоРа со задолжителна примена на одредбите од ставот 1 алинеи а) и в) од овој член** од Кодексот.

**(3) Придонесот и лојалноста на партискиот член кон НоРа се оценува и вреднува според спроведувањето на должностите и партиските задачи** од страна на органите на НОВА РЕПУБЛИКА на сите нивоа на организирање:

- **а) согласно јасни и транспарентни критериуми,**
- **б) со** напредување во партиската хиерархија, преку **избор и именување на должности во НОВА РЕПУБЛИКА** на сите нивоа на организирање,
- **в) со** (кандидирање за) **извршување државни и јавни функции** по предлог на НоРа, и
- **г) со** доделување **награди и признанија на НоРа**.

**(4) Придонесот и лојалноста на регистрираниот поддржувач кон НоРа се оценува и вреднува според спроведувањето на должностите и партиските задачи** од страна на органите на НОВА РЕПУБЛИКА на сите нивоа на организирање согласно ставот 3 алинеи а) и г) од овој член од Кодексот.

## <u>Стандарди и принципи на дејствување на НОВА РЕПУБЛИКА</u>

**Член 6**

**Активностите и ставовите на НОВА РЕПУБЛИКА ги утврдуваат органите на НоРа** на соодветните нивоа на организирање **и се спроведуваат според следните стандарди и принципи:**

- **а) Статутарност** со одлучување во НоРа и дејствување на НоРа со демократски и ненасилни <u>методи</u> согласно Статутот;
- **б) Законитост** со дејствување на НоРа согласно Уставот и законите на РСМ со парламентарни и вонпарламентарни <u>средства</u>;
- **в) Политичка соработка** (по одлука на овластен орган) со сродни партии, организации и фондации од земјата и странство, **на основа на посебност и паритет**;

**г)** **Транспарентност** низ достапност на извештаите за партиските членови и јавноста;

**д)** **Инклузивност и репрезентативност** со одлучување во органите низ што поширок консензус и со соодветна родова, возрасна и друга застапеност на партиските членови во составот на органите на сите нивоа на организирање на НОВА РЕПУБЛИКА;

**ѓ)** **Лојалност кон Северна Македонија** низ градење и спроведување одговорни политики за слобода на граѓанинот, владеење на правото и просперитет на нацијата, и

**е)** **Лојалност на НОВА РЕПУБЛИКА кон партискиот член низ** овозможување **напредување во партиската хиерархија**, (кандидирање за) **извршување државни и јавни функции** по предлог на НоРа (согласно неговото професионално и политичко образование, придонес и лојалност кон НоРа), **политичко образование**, **солидарна помош** при негов личен или семеен здравствен или социјален предизвик и **заштита на неговиот интегритет и безбедност**;

**ж)** **Лојалност на НоРа кон регистрираниот поддржувач низ** овозможување **политичко образование**, **солидарна помош** при личен или семеен здравствен или социјален предизвик и **заштита на неговиот интегритет и безбедност**.

**<u>Непочитување на Кодексот</u>**

**Член 7**

**За непочитување на одредбите на Кодексот партискиот член одговара дисциплински**, согласно членот 17 од Статутот.

**<u>Завршни одредби</u>**

**Член 8**

Кодексот да се објави на веб-страната на НОВА РЕПУБЛИКА и профилите на социјалните мрежи.

**Член 9**

Кодексот стапува во сила со неговото донесување.

**Скопје, 2 јануари 2026 година**

**НАЦИОНАЛЕН ОДБОР НА НОВА РЕПУБЛИКА**
**Претседател,**
**Ивон Величковски, с.р.**